www.krivapalanka.gov.mk

# П Р О Г Р А М А

**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната**

**патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година**

**КРИВА ПАЛАНКА**
**2024 ГОДИНА**

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21, 253/23 и 224/24), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 275/19, 224/24 и 233/24), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24) и член 14 став (1) точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка, („Службен гласник на Општина Крива Паланка“, бр. 8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 06.12.2024 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната Патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година

**ВОВЕД:**

Според законот за јавни патишта мрежата на јавните патишта ја сочинуваат државните патишта (автопатишта, експресните патишта, магистралните и регионалните патишта од прва и втора категорија) и општинските патишта и улиците во градовите и другите населени места. Критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки ги утврдува Владата на Република Македонија. Категоризација на јавните патишта на општински патишта и улиците во населените места согласно со тие критериуми врши Советот на општината, односно Советот на градот Скопје.

На планирањето, изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата и инвестиционото одржување на јавните патишта и улици се применуваат прописите за градење и за просторно и урбанистичко планирање. Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините, односно градот Скопје. По извршената изградба или реконструкција на јавен пат, на дел од јавен пат или објект на патот, се врши технички прием согласно со Законот за градење, врз основа на кој се издава одобрение за употреба на патот.

Според Законот за јавни патишта:

- Под изградба на јавен пат се подразбира изградба на патна инфраструктура на претежно нова траса.
- Под реконструкција на јавен пат се подразбира изведување на работи на дел на постојниот пат со кој се менуваат неговите основни карактеристики, со цел да се зголеми нивото на услугата на патот.
- Под рехабилитација на јавен пат се подразбира подобрување и зајакнување на коловозната конструкција и објектите на патот (нивелетата, одводнувањето, сообраќајната сигнализација и друго), а во рамките на постоечкиот пат односно траса на патот.
- Работи на редовно одржување се сите активности со кои патот континуирано се одржува во функционална состојба и безбедно одвивање на сообраќајот. Работи на зимско одржување се сите активности за обезбедување на сообраќајот во зимски услови. Работи на периодично одржување се сите активности кои повремено се преземаат за продолжување на животниот век на патната инфраструктура. Работи на интервентно одржување на патиштата се активности за отстранување на оштетувања настанати од непредвидени настани за обезбедување на непречен и безбеден сообраќај на патот.

Согласно со погоре наведеното, Донесувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во Општина Крива Паланка за 2025 година, е законска обврска која ги опфаќа сите активности за изготвување на техничка документација, градење, реконструкција, рехабилитација и тековно одржување на локалните улици и патишта.

Исто така, според Законот за јавни патишта, за изградба и одржување на дел од асфалтните и земјани патишта кои се на територијата на општината, а кои се рангирани како меѓународни, магистрални и регионални патишта надлежно за изградба, реконструкција и одржување е ЈП за државни патишта преку ЈП

Македонија Пат, а за поголемиот дел во должина од околу 105 км асфалтен коловоз и околу 90 км земјан коловоз надлежна е општината.

На територијата на општина Крива Паланка постојат 34 населени места кои главно се доста оддалечени од градот. Тоа подразбира долга основна мрежа на локални патишта до централниот дел на селата која е главно со асфалтен коловоз, но и разгранета секундарна мрежа од земјани патишта кон пооделни маала во селата кои се главно од разбиен вид.

И покрај тоа што во изминатиов период доста се инвестираше во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, сепак потребни се уште многу повеќе средства за подобрување на глобалната состојба на општинско ниво.

Општина Крива Паланка за наредната 2025 година за реализација на дел од активностите кои се предвидени со оваа Програма, а кои се започнати или новопредвидени, веќе има обезбедено значителни финансиски средства главно од Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а се очекуваат средства и од АФПЗРР, Министерството за транспорт и врски и други институции. Во некои од овие проекти општината ќе учествува и со сопствени средства како делумно кофинансирање, како и за делот на исплата на ДДВ, а предвидени се финансиски средства и за самостојна реализација на одредени активности.

## 1. Техничка документација за улици и локални патни правци:

Општината секоја година распишува јавна набавка и склучува рамковен договор со фирма за проектирање на локални улици и патишта и посветува значително внимание на оваа област, имајки во предвид дека без добро подготвена и спремна техничка документација тешко може да се аплицира за реализација на проектите пред меѓународни и државни институции

Покрај изработката на нова техничка документација во текот на 2025 год. дел од средствата ќе бидат наменети и за да се изврши доработка и комплетирање на дел од постоечка стара техничка документација и нејзино усогласување со важечките закони.

### 1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

- Изработка на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост.

Техничка документација за:

  - Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (во соработка со ЈПДП)

### 1.2 Техничка документација за локални патни правци

- Докомплртирање на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци/Л = 3,0 км
- Докомплетирање на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата Падина/Л = 1.0 км
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт/Л = 3,50 км.
- Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Дубровница, маала СрбиновциЛ 1,50км
- Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново/Л = 10 км
- Докомплетирање на техничка документација за локален пат во с. Подржи коњ/Л = 4,7 км
- Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица/Л = 4.0км
- Спас/Крст село Конопница
- Изработка и доработка на техничка документација за други локални патни правци по иницијатива на месни заедници и граѓани.

## 1. ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА

### 2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)

- Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Градски Музеј до Соларски Мост (обезбедени средства преку Светска Банка и МТВ)
- Реконструкција на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од мост Единство кон клучка на излез (Доколку се обезбедат средства од државни институции)
- Реконструкција на дел од ул. Пиринска (средства се обезбедени делумно од МТВ)

**Преку развојната програма се планирани следниве активности:**

- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Коце Металец
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Орце Николов
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул Р.Минев
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул.Глигор Прличев и Пере Тошев
- Реконструкција и рехабилитација на дел од пешачка патека покрај мајор зид на Крива Река
- Реконструкција и рехабилитација на дел од пешачка патека покрај Домачки Дол
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. Јане Сандански
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. Н.Тесла (од Центар закултура кон Самсара)
- Реконструкција и рехабилитација на пристапен пат кај локалитет гробиштата во с. Конопница
- Реконструкција и рехабилитација на дел од ул. „Горан Стојановски“
- Реконструкција и рехабилитација на асфалтирана јавна површина пред згради на ул., „Св.Јоаким Осоговски“ кај дол Единство
- Подготовка на јавна површина за поставување на урбана опрема во нас. Единство
- Уредување на дел од јавни површини во рамки на спортски комплекс

  Санација на коловоз на делови од локални улици и патишта (кај пролетерски гаражи, спортски комплекс и др. локации према проценка на стручните служби)

### 2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:

- Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште/Л = 3,50 км
- Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав/Л = 3,50 км
- Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф/Л = 1.00 км
- Изградба на локален пат кон село Бс (3-та фаза)/Л= 3.00 км
- Изградба на дел од локален пат кон Крстата Падина/Л= 1,00 км
- Р-ја и санација на дел од локален пат во Мез.Ливади/Л= 1,00 км

(за дел од овие патни правци е аплицирано или ќе се аплицира во државни институции и ќе се реализираат доколку бидат прифатени за финансирање)

-Делови од постоечки локални патни правци кои се лоша состојба според проценка на стручните служби и по иницијатива на месни заедници и граѓани.

**Преку развојната програма се планирани следниве активности:**

- Реконструкција и рехабилитација на дел од локален пат кон с. Дурачка Река и с.Станци
- Реконструкција и рехабилитација на делови од локален пат Кр.Паланка-Варовиште-Калин Камен

### 2.3. Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки

Покрај горе спомenатите улици и локални патишта кои се предвидени за реконструкција и рехабилитација во текот на 2025 год. ќе бидат вршени и помали градежни активности за тековно одржување, обнова на коловоз од асфалт или калдрма и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на одредени делови од локалната патна мрежа на кој ќе се појави потреба.

Овие активности се предвидени преку развојната програма.

### 2.4 Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини

Во последниве две години поради невремето и поплавите кои ја зафатија територијата на општината беа оштетени скоро сите земјани патишта, посебно во североисточниот дел на општината, па се појави потреба од нивно санирање и оспособување за одвивање на сообраќај бидејки се единствен пристап до одредени населени места.

Оваа активност ќе продолжи и во наредната година, како би се придонело за подобар и побезбеден моторен сообраќај на подрачјето на Општина Крива Паланка. За одржување на некатегоризирани маалски патишта со земјан коловоз во селските населби, општина Крива Паланка според проценките на стручните служби за состојбата на земјаните патишта, или по доставени барања од Месните Заедници или група граѓани, кои се оправдани и одобрени, ќе врши соодветно ангажирање на градежна механизација преку ЈП Комуналец или други економски оператори со кои има Договор.

На дел од локалните земјани патишта ќе се изврши делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци со земјан коловоз со градежна механизација во зависност од обемот на врнежи и оштетување на земјаниот коловоз, а заради нивно доведување во состојба на проодност и одвивање на сообраќај**,** и тоа:

### 2.5 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови, поставување на габиони и заштитна мрежа и ограда

Со оглед на рељефно-климатските и геомеханички карактеристики на земјиштето, во изминатиов период интензивирани се појави на свлечишта и одрони на делови од улици и локални патни правци на територијата на општина Крива Паланка. Тоа бара преземање на соодветни мерки за заштита на косините и трупот на патот за што се потребни значителни финансиски средства. На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. Овој дел е подетално разработен во програмата за уредување на градежно земјиште.

После невремето и поплавите кои ја зафатија територијата на општината во последниве две години се појавија повеќе свлечишта на локални улици и патишта од кои дел беа санирани од страна на општината, а на дел од нив санацијата ќ продолжи и во текот на 2025 година.

### 4. Приходи и расходи

Во делот приходи прикажани се само средствата кои се веќе обезбедени или се очекува да бидат одобрени од други институции, а се трансферираат преку буџетот на општината, како и сопствените средства на општината. Треба да се напомене дека дел од веќе обезбедените средства за реализација на програмата не проаѓаат преку буџетот, односно се исплаќаат директно на изведувачите на работите.(како што се средствата од Светска Банка и МТВ и средствата од ТАВ програмата). Доколку има прилив на други средства по однос на распишани повици и одобрени апликациии од други институции, истите ќе бидат вградени во буџетот со ребаланс.

## П Р И Х О Д И:

1. Средства од ЈП за патишта на РМ за одржување на локална патна мрежа:..3.500.000,00 ден.
2. Средства од буџет на Општина Крива Паланка планирани
со развојна програма за 2025 год. ......................................................................15.000.000,00
3. Други средства од буџет на општината: ..........................................................5.000.000,00
4. Очекувани средства од други институции : .................................................13.000.000,00

______________________________________________________________________________

**В К У П Н О:** **36.500.000,00 ден.**

## Р А С Х О Д И

1.Изградба, реконструкција и рехабилитација на локални патни правци
и улици во Општина Крива Паланка: ..................................................................27.000.000,00
3.Изработка и доработка на техничка документација:...................................... 2.000.000,00
4. Делумна санација, делумно пробивање, одводнување, насипување
и дотерување на нивелета на постоечките локални патни правци
(претежно со земјан коловоз): .........................................................................3.000.000,00
5. Тековно одржување на изградената патна мрежа и елементи на патот,
поставувањена на пропусти,заштита на косини и крпење на ударни дупки: .....1.000.000,00
6. Санација на одрони и свлечишта:.....................................................................1.000.000,00
7. Набавка и поставување на еластична одбојна ограда:....................................1.500.000,00
8. Експропријација: ...........................................................................................1.000.000,00

______________________________________________________________________

**В К У П Н О:** **36.500.000,00 ден.**

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2024 година на Општина Крива Паланка**

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на програмата е изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача /Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет мкд** |
| | **Вовед**<br><br>**Работите на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта ги вршат општините** | **Изработка на техничка документација**<br><br>**Изградба и реконструкција**<br><br>**Одржување и заштита на локална патна мрежа** | **континуирано** | **Добро изградена и одржувана и распространета мрежа на локални патишта** | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | **36.500.000** |
| | **1. Техничка документација за улици и локални патни правци:**<br>**1.1 ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЛИЦИ ВО РАМКИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** | -Докомплетирање на техничка документација за реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Единство кон клучка на излез<br>-Докомплетирање на техничка документација за улица покрај течението на Дурачка Река и усогласување на истата со проект за регулација на Дурачка Река на потег: Дом на Култура- Маневски Мост. Р-ја на дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка маала, ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала)<br>-Изработка на техничка документација за изградба на потпорен зид на дел од ул. Р.Минев и на дел од ул Н.Тамбурков (кај поранешен Пролетер)<br>- Изработка на техничка документација за тротоари покрај магистрален пат на потегот од Бегови Бавчи до Клучка кај Облаче (в-Реконструкција на дел од ул. „11-ти октомври", (после зграда на Социјално)<br>-Реконструкција на дел/краци од ул „Коце Металец" (испод поранешна кланица)<br>-Реконструкција на делови (краци) од ул. Моша Пијаде во т.н. Спротивска Маала КП 880 и КП 877 до приклучок со обиколен пат.о соработка со ЈПДП) | Јануари – Декември<br><br>2024 | Подготвена техничка документација и одобренија водејќи сметка за интересот и приоритетите на граѓаните, посебно жените | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | **1.000.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1.2 Техничка документација за локални патни правци** | -Изработка на техничка документација за поврзување на с. Градец со с.Осиче преку м.Домазетовци..................................................Л = 3,50 км<br>-Изработка на техничка документација за локален пат во с. Конопница кон м.в.Крст во продолжеток на постоечки асфалт..............................................................Л = 3,50 км.<br>-Докомплетирање на техничка документација за доизградба и реконструкција<br>на патен правец од спој со А2-према црква во с. Длабочица..................................Л = 4.00 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за патен правец<br>во с. Дубровница, маала Србиновци............. ................Л = 1,50км<br>-Изработка на техничка документација за пристапен пат и мост кон нас. Крстата падина..........................Л = 1 км<br>-Докомплетирање на техничка документација за патен правец во с. Трново......................................Л = 10 км<br>-Изградба/реконструкција на пристапен локален пат во населба Мезовски Ливади ....................................Л = 0.5 км<br>- | Јануари – Декември<br><br>2024 | Подготвена техничка документација и одобренија водејки сметка за интересот и приоритетите на граѓаните, посебно жените | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | 1.000.000 |
| | **1 ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ЛОКАЛНИ УЛИЦИ И ПАТИШТА**<br>**2.1. Изградба и реконструкција на улици (во урбан дел)** | -Реконструкција и доизградба на дел од главна улица Св.Јоаким Осоговски на потегот од Соларски Мост -Мост Единство (обезбедени средства преку Светска Банка и МТВ)<br><br>-Р-ја на дел од ул. Гоце Делчев со крак кон Дреначка (Трновска) маала, ул.Моша Пијаде во нас.Осичка Маала) -Реконструкција на дел од ул. „11-ти октомври“, (после зграда на Социјално)<br>-Реконструкција на дел/краци од ул „Коце Металец“ (испод поранешна кланица)<br>-Реконструкција на делови (краци) од ул. Моша Пијаде во т.н. Спротивска Маала КП 880 и КП 877 до приклучок со обиколен пат. | Јануари – Декември<br><br>2024 | Изградени и реконструирани улици согласно планот, кои ги користат жителите (жени и мажи) во Крива Палака.<br><br>Притоа, во рамките на можностите се земени во предвид потребите на жените односно по кои улици најчесто поминуваат жените согласно некои груби проекции дека најчесто тие носат пешки деца до градинка, школо, одат на пазар, итн. | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | 27.000.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2.2 Изградба и реконструкција на локални патни правци:** | -Изградба на локален пат во с.Дурачка Река кон м.в. Метоф................................ Л = 1.00 км<br>-Реконструкција на локален пат во с. Мождивњак (А2-Дубје).......Л = 3,00 км<br>-Реконструкција на локален пат с.Огут-с.Нерав ..............................Л = 3,50 км<br>-Реконструкција на локален пат од Манастир кон с.Варовиште..Л = 3,50 км | Јануари – Декември<br><br>2024 | Изградени и реконструирани патни правци согласно планот, кои ги користат жителите (жени и мажи) во Крива Палака. | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | |
| | **2.3. Тековно одржување на локална патна мрежа и крпење на ударни дупки** | Како и минатите години и во текот на 2024 год ќе бидат предвидени средства од буџетот на општината за тековно одржување, обнова на коловоз и крпење на ударни дупки и замена на оштетени делови од асфалтни коловозни површини на локалната патна мрежа.<br>-Дел од ул Панче Пешев<br>-Дел од ул Орце Николов<br>-Дел од ул. Климент Охридски (покрај Скрљавски Дол)<br><br>-Други улици во урбаниот дел на кој ќе се појави потреба од крпење на ударни дупки и обнова на делови од коловозни површини<br><br>-Тековно одржување на локални патни правци со крпење на ударни дупки и замена на делови од оштетени коловози (според потреба и проценка на стручните служби по направен увид на лице место по завршеток на зимска сезона) | Јануари – Декември<br><br>2024 | Подобрена и одржана локална патна мрежа за сите жени и мажи жители и посетители на општината | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | 2.000.000 |
| | **2.4 Одржување на локални земјани патишта и заштита на косини** | | Јануари – Декември<br><br>2024 | Подобрена и зголемена безбедност на жените и мажите во општината | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | **3.500.000** |
| | **2.5 Санација на свлечишта и заштита на косини на локални улици и патишта со изградба на потпорни зидови, поставување на габиони и заштитна** | На новопроектираните улици и патишта заштитата и стабилизација на косини е предвидена со самите проекти за патот. На постоечките патишта и локални улици се | Јануари – Декември | .. Подобрена и зголемена безбедност на жените и | Одделение за изградба и одржување на | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **мрежа и ограда** | јавува исто така потреба од изградба на нови, реконструкција или санација на постоечки потпорни зидови. | 2024 | мажите во општината | комунална инфраструктура<br><br>Раководител на Одделението | **4.000.000** |
| | **Експропријација** | | | | Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура, правно одделение | **1.000.000** |

**Програмата стапува на сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка, а ќе се применува од 01.01.2024 година**.

**Бр.09-6043/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.12.2024год** **Претседател**
**криваПаланка** **Изабела Павловска**